ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# Соопштение до јавноста

## Прва работилница за едукација на пензионерите за нивните права од здравствено осигурување

Денес се одржа првата од четиринаесетте работилници наменети за пензионерите за едукација на нивите права од здравствено осигурување како и едукација за определени здравствени програми кои ги финансира ФЗОМ. Едукативните работилници се организираат во соработка на Црвениот Крст на Македонија и Сојузот на здруженија на пензионери. На денешната работилница поздравен говор имаа м-р Маја Парнарџиева Змејкова- директор на ФЗОМ, г. Драги Аргировски- претседател на сојуз на здруженија на пензионери и Сузана Тунева Пауновска од Црвениот Крст.



За едукација на пензионерите за прашања од здравственото осигурување своја презентација имаше Даниела Јовчевска Ѓуровска – Директор на Правен сектор во ФЗОМ, а за превенција на здравјето своја презентација имаше д-р Ана Петрова-Советник на директорот на ФЗОМ. Презентациите како и фотографии од настанот Ви испраќаме во прилог на ова соопштение.



Се надеваме дека со овие едукативни работилници ќе се подигне нивото на информираност на пензионерите за своите права од здравствено осигурување како и за превенција на своето здравје за 3-те најчести незаразни заболувања (кардиолошки, нефролошки заболувања и дијабет).